**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-532/3
Датум: 18.3.2026 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 и 115 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 239 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 18.3.2026 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за започнување на постапката за избор на декан на
Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје и формирање
изборна комисија

1. Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, започнува постапка за избор на декан во мандатниот период од 1.10.2026 до 30.9.2029 година.

2. За спроведување на постапката за избор на декан се формира изборна комисија од три члена, во состав:
   - проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, претседател
   - проф. д-р Марко Порјазоски, член
   - вон. проф. д-р Петар Крстевски, член.

3. Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука има обврска да ја спроведе целокупната постапка за избор на декан, во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот.

4. Пријавувањето на кандидатите започнува од **19 март** 2026 година и трае 30 дена, заклучно со **17 април** 2026 година.

5. Пријавените кандидати, преку архивата на Факултетот, до Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука, доставуваат пријава и програма за работа (во хартиена форма и на USB) за мандатниот периот од точка 1 на оваа одлука.

6. Изборната комисија ги доставува документите (електронската верзија) од точка 5 на оваа одлука до членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот во рок од три дена од денот на добивањето на истите.

7. Наставно-научниот совет, на вонредна седница што ќе ја одржи во месец април 2026 година ќе врши избор на декан од пријавените кандидати, со тајно гласање, што ќе го спроведе Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука.

8. Одлуката за избор на декан ја потврдува Сенатот на Универзитетот.

9. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

10. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата на ФЕИТ, УКИМ, огласна табла, комисијата, секретарот и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Северна Македонија СКОПЈЕ